Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e Zhvillimit të Arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 01-1751/1
31.12.2025 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# СТРАТЕГИЈА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

на единицата за внатрешна ревизија во

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

за периодот 2026-2028 година

(декември, 2025 година)

(Скопје)

# СТРАТЕГИЈА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

## Содржина

1. ВОВЕД

1.1. Преглед

1.2. Организациска структура и делокруг на работа на внатрешната ревизија

2. ПРЕГЛЕД НА ЦЕЛИТЕ И ПРИОРИТЕТИТЕ НА ИНСТИТУЦИЈАТА

2.1. Цели и приоритети на субјектот и субјектите под негова надлежност

2.2. Очекувани промени во субјектот и субјектите под негова надлежност

2.3. Статусот на системот за финансиско управување и контрола

3. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБЛАСТИ ЗА РЕВИДИРАЊЕ

4. ПРОЦЕНКА НА РИЗИК

4.1. Пристап при идентификација на ризиците

4.2. Фактори на ризик

4.3. Резултати од проценката на ризиците за целите на стратешкото планирање

5. ПРИОРИТЕТИ НА РЕВИЗИЈАТА ВО ПЕРИОДОТ ОД 2026 ДО 2028 година

5.1. Врските помеѓу приоритетните области за ревидирање и извршените анализи

5.2. Листа на приоритетни ревизорски области и распоред за ревизија

6. ПОТРЕБЕН КАДАР/ПЕРСОНАЛ/ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ЗА ЕДИНИЦАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

7. АЖУРИРАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА И ПОВРЗУВАЊЕ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

8. ЗАКЛУЧОК

# 1. ВОВЕД

## 1.1. Преглед

Стратегијата за внатрешна ревизија за 2026-2028 година претставува план за ревизии/активности кои ќе се спроведуваат во текот на наредниот тригодишен период.

Стратегијата за внатрешна ревизија за 2026-2028 година ги вклучува најважните цели, приоритети и активности на внатрешната ревизија во Бирото за развој на образование (Бирото) за наредниот тригодишен период.

Целите и активностите на внатрешната ревизија се во согласност со целите и приоритетите на Бирото и субјектите под негова надлежност за кои се врши внатрешна ревизија, а кои се вклучени во Стратегијата за внатрешна ревизија на Бирото.

Стратегијата за внатрешна ревизија е изработена врз основа на проценка на ризикот и согласно Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор и Глобалните стандарди за внатрешна ревизија и Упатството за подготовка на Стратегија за внатрешна ревизија и Годишен план за внатрешна ревизија.

## 1.2. Организациска структура и делокруг на работа на единицата за внатрешната ревизија

Внатрешната ревизија е независна, објективна и советодавна активност дизајнирана да додаде вредност и да го подобри работењето на субјектот. Внатрешната ревизија му помага на субјектот да ги постигне своите цели со донесување систематски, дисциплиниран пристап за оценување и подобрување на ефективноста на процесите на управување со ризик, контрола и раководење.

### 1.2.1. Организациска структура на единицата за внатрешна ревизија

Единицата за внатрешна ревизија во Бирото е формирана како Одделение за внатрешна ревизија и врши функција на внатрешна ревизија во Бирото.

Единицата за внатрешна ревизија е составена од 2 помлади соработници за ревизорски извештаи.

### 1.2.2. Делокруг на работа на единицата за внатрешна ревизија

Единицата за внатрешна ревизија врши ревизија на сите програми, проекти, активности и работни процеси во субјектот и субјектите под негова надлежност. Внатрешната ревизија обезбедува советодавни услуги, увиди и проекции за можни идни сценарија по вид и опфат договорени со раководителот на јавниот субјект.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЦЕЛИТЕ И ПРИОРИТЕТИТЕ НА СУБЈЕКТОТ

Стратегијата за внатрешна ревизија за периодот 2026-2028 година е изработен така што е подготвен преглед на целите и приоритетите на субјектот и субјектите под негова надлежност, како и нивото на развиеност/статусот на системот за финансиско управување и контрола. Прегледот се заснова на информации собрани преку: анализа на стратешките документи, анализа на програми содржани во буџетот, одговори на прашалници, состаноци и дискусии со раководството, резултати од анализа на друга документација, јавно или на друг начин достапна, анализа на документација за статусот на системот на внатрешна контрола итн.

### 2.1. Цели и приоритети на субјектот и субјектите под негова надлежност

Главна цел на единицата за внатрешна ревизија е на раководителот на субјектот да му обезбеди независно, објективно оценување со цел подобрување на работењето на субјектот и на ефективноста на системите за внатрешна контрола, како и да му обезбеди дополнително уверување дека имплементираните системи за менаџмент и контрола се соодветни, економични и конзистентни со општо прифатените стандарди и национално законодавство. Внатрешната ревизија му обезбедува на раководителот на субјектот анализи, препораки, совети и информации за прегледаните активности.

Утврдените стратешки приоритети имаат за цел зајакнување на институционалните капацитети на субјектот. Цел на ревизијата е да се увериме дали постои, како е дизајниран и како функционира системот на внатрешна контрола.

## 2.2. Очекувани промени во субјектот и субјектите под негова надлежност

Промени во работењето кои може да настанат се: промената во законската рамка кои влијаат на работењето на субјектот, дополнителна информатизација на работните системи, постапување во согласност со барањата кои произлегуваат од регулативата за изготвување на Буџетот на Република Северна Македонија, поврзана со начинот на планирање и извршување на буџетот, односно финансискиот план, сметководствено следење и сл.

## 2.3. Статусот/нивото на развиеност на системот за финансиско управување и контрола

Обврската за воспоставување на системот на финансиско управување и контрола е утврдена во Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и подзаконските акти од оваа област донесени од Министерството за финансии на Република Северна Македонија.

## 3. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБЛАСТИ ЗА РЕВИДИРАЊЕ

Заради изготвување на стратегијата за внатрешна ревизија, неопходно е да се утврдат потенцијалните области за ревидирање што вклучува определување на сите работни системи, функции, програми, проекти, активности и работни процеси кои можат да бидат предмет на ревизија.

При утврдување на потенцијалните области за ревидирање внатрешната ревизија ја зема во предвид организационата структура на Службата на Бирото.

При проценката на потенцијалните области за ревидирање утврдени се категории преку кои се разгледува значењето и начинот на оценување на секоја категорија, а тоа се: придонес на областа за постигнување на целите и приоритетите на институцијата, финансиско значење/вредност на областа, влијание на областа врз внатрешните системи, комплексност на областа и друго.

# 4. ПРОЦЕНКА НА РИЗИК

## 4.1. Пристап при идентификација на ризиците

За потребите на утврдување на ризикот, внатрешниот ревизор ги користеше следните извори на информации:

- Разговори со вработените во субјектот и прибирање на информации за потешкотиите и проблемите во работењето.
- Анализа на стратегијата за внатрешна ревизија на институцијата.
- Анализа на извештаите на внатрешната и надворешната ревизија.
- Анализа на извештаите и изјавата за квалитетот и состојбата за внатрешните контроли од Годишниот финансиски извештај.

## 4.2. Фактори на ризик

Заради пообјективна проценка на влијанието и веројатноста за појава на ризикот, внатрешниот ревизор зема во предвид фактори на ризик кои ја зголемуваат или може да ја зголемат веројатноста за појава на ризик, како што се: финансиско значење на областа, можности за користење на фондовите на ЕУ, сложеност на субјектот, комплексноста на организацијата, промените во законската регулатива итн.

Внатрешната ревизија мора да земе предвид дека комбинацијата на повеќе поврзани фактори на ризик на крајот доведува до поголема изложеност на ризик, поради што треба да се разгледа врската помеѓу факторите на ризик, односно комбинација на повеќе фактори на ризик.

## 4.3. Резултати од проценката на ризикот за целите на стратегијата за внатрешна ревизија

Врз основа на направената проценка на ризикот (ревизорски универзум) утврден е степенот на ризичност кој е проценет за одделните области на ревидирање.

## 5. РЕВИЗОРСКИ ПРИОРИТЕТИ ВО ТЕКОТ НА ПЕРИОДОТ ОД 2026-2028 година

Врз основа на анализите спроведени заради изработка на Стратегијата за внатрешна ревизија, врз основа на проценката на ризикот за потенцијалните области за ревидирање и по консултации со раководството, утврдена е листа на ревизорски приоритети за периодот 2026-2028 година.

### 5.1. Врска помеѓу приоритетните области за ревидирање и спроведените анализи на значајноста и проценка на нивото на ризикот и преглед на приоритетните област за ревидирање за време на периодот од 2026-2028 година, кои ќе бидат предмет на ревизија, по години.

**Табела 1: Врска помеѓу приоритетните области за ревидирање и спроведените анализи на значајноста и проценка на нивото на ризикот**

| ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ ЗА РЕВИДИРАЊЕ | Поврзувања | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Придонес кон стратешките приоритети | Финансиска значајност | Управување и користење на ЕУ фондовите | Наоди на надворешната ревизија (ДЗР Ревизорско тело) | Ниво на ризик | Барање на раководствот |

### 5.2. Листата на приоритетни ревизорски области и распоред за ревизија

**Табела 2: Преглед на приоритетните области за ревидирање за време на периодот од 2026-2028 год**

| ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ ЗА РЕВИДИРАЊЕ | 2026 год | 2027 год | 2028 год |
|---|---|---|---|
| 1.Ревизија на системите на внатрешна контрола во процесот на следење на препораките | 1 | 1 | 1 |
| **ВКУПНО РЕВИЗИИ** | **1** | **1** | **1** |

## 6. ПОТРЕБЕН КАДАР/ПЕРСОНАЛ/ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ЗА ЕДИНИЦАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Споредбата помеѓу потребните човечки ресурси и реалниот број на внатрешни ревизори во единицата за внатрешна ревизија, покажува дека единицата за внатрешна ревизија има доволно ресурси за исполнување на целите од оваа Стратегија за внатрешна ревизија (2 помлади соработници).

## 7. АЖУРИРАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА И ПОВРЗУВАЊЕ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Стратегијата за внатрешна ревизија се прегледува и ажурира секоја година со што би ги одразил релевантните промени со кои се доаѓа до целите, приоритетите и активностите на Бирото и резултатите на спроведените проценки на ризикот. Раководителот на субјектот ја одобрува секоја промена на Стратегијата за внатрешна ревизија.

По изминување на тригодишниот период, единицата за внатрешна ревизија ќе изготви нова Стратегија за внатрешна ревизија. По завршувањето на третата година од периодот вклучен во оваа Стратегија за внатрешната ревизија, единицата за внатрешна ревизија ќе изврши повторно сеопфатна проценка на ризикот.

Одговорното лице на Бирото ќе известува за спроведувањето на Стратегијата за внатрешна ревизија преку Годишниот извештај за работата на единицата за внатрешна ревизија.

Стратегијата за внатрешна ревизија е основа за развивање и подготовка на Годишниот план за внатрешна ревизија.

## 8. ЗАКЛУЧОК

Овој Стратешки план се однесува на периодот од 2026-2028 година. Изготвен е врз основа на: проценка на ризичните области и процеси, извршените разговори со вработените во Бирото, анализата на донесените процедури кои се однесуваат на работењето на организационите единици во Службата на Бирото, учество на состаноци на кои присуствуваат вработените во организационите единици (раководители, помошници раководители и останати вработени), а на кои се разгледуваат одделни проблеми поврзани со извршувањето на тековните активности итн.

Датум:

30.12.2025 год.

Раководител на субјектот (потпис)

---

Изготвил:

Виолета Андоновска
помлад соработник за ревизорски извештаи